# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ ДОО СКОПЈЕ** ја утврдува оваа Политика за квалитет и животна средина за да ја документира својата определба за обезбедување производи и услуги кои ги исполнуваат искажаните реални барања на корисниците и важечките закони и прописи, како и својата посветеност кон заштита на животната средина, што вклучува превенција од загадување и други облици на грижа.

Ориентираност и цел на **ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ** е да стане препознатлив производител на македонскиот пазар во поглед на квалитетот на производите и услугите од доменот на графичката дејност, што опфаќа ***печатарски услуги и изработка на:***

- ***весници и ревијални списанија;***
- ***брошури и флаери;***
- ***книги и друг рекламен материјал.***

Оваа цел **ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ** ја остварува со спроведување и постојано подобрување на Системите за менаџмент со квалитетот и животна средина, усогласени со барањата на стандардите **ISO 9001:2015 и ISO 14001:2015**, што опфаќа:

- Утврдување и управување со процесите кои придонесуваат за задоволство корисниците и спроведување мерки за зголемување на задоволството на корисниците;
- Разгледување на мислењата и сугестиите на заинтересираните страни и преземање мерки за унапредување на заштитата на животната средина;
- Идентификување на аспектите на животната средина до кои се доаѓа или може да се дојде и ставање под контрола на значајните за животната средина;
- Остварување лидерска улога на раководството;
- Извршување на активностите во согласност со применливите законски и други барања за животна средина и посветеност за исполнување на обврската за усогласеност;
- Активно учество на вработените во планирањето, спроведувањето и вреднувањето на сите активности во процесите на реализација на производите и услугите,
- Обезбедување на ресурсите кои се потребни за спроведување, одржување и постојано подобрување на системите за менаџмент со квалитет и животна средина;
- Постојано подобрување на квалитетот на производите и услугите,
- Развивање партнерски односи со испорачателите;
- Постојана модернизација на опремата и наобразба и поттикнување на вработените да делуваат превентивно и постојано да ја подобруваат заштитата на животната средина.
- Штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и намалување на количината на отпад;
- Информирање на корисниците и заинтересираните страни за сопствената определба за заштита на животната средина.

Скопје, 05.11.2018

Управител

ДРУШТВО ЗА ПЕЧАТАРСКИ УСЛУГИ ПЕЧАТНИЦА СЕРАФИМОВСКИ